Création : bd-ntwk – Publishing : Altavia Paris – Automobiles Peugeot RC Paris
B 552 144 503 – Printed in Macedonia – August 2010

Печат на импортерот/дилерот

www.peugeot.com.mk



5008 | PEUGEOT



# „5008, УЖИВАЊЕ ВО ВОЗЕЊЕТО.“

Со Peugeot 5008, компромисот е предмет на минатото. Компактен фамилијарен моноволуменец кој со исклучителната модуларност и флуидните линии хармонично ја обединува практичноста и стилот на возилото. Опремен е со врвна технологија, а поседува и динамички квалитети на лимузина каде позицијата на возење гарантира комфор зад управувачот.





# „5008, ГО ПРАВИ ЖИВОТОТ ПОЕДНОСТАВЕН.“

Со својот интелигентен ергономски дизајн и иновативни технолошки решенија, 5008 обезбедува уживање при управувањето, сигурност и удобност.

**Положба на возачот**
Ентериерот во потполност е осмислен така да му овозможи на возачот и останатите патници чувство на комфор. Високата положба на седење и широкото ветробранско стакло создаваат доминантно











**Head-up display технологија**
Секогаш во Вашето видливо поле, head-up display* ги дава најважните информации (брзината, раздалеченоста од возилото што е пред Вас и сетираната брзина на темпоматот) без при тоа да има потреба да го спуштите погледот на инструмент таблата.

**Distance alert®***
Поврзан со Head-Up приказ и користење на специјален радар во предниот дел на возилото ги надополнува постоечките системи како што е темпоматот и ограничувачот на брзина. Системот му помага на возачот да одржува безбедно растојание од возилото што е пред него, кој делува преку прикажување на информации кои овозможуваат возачот да има контрола за време на возењето.

*Достапен како опција, во зависност од верзијата.

**Паркинг сензор***
Оваа функција ја мери големината на слободното паркинг место, Ве информира за можноста на паркирање и го проценува степенот на тежина на паркирањето. Функцијата е поврзана со предни и задни сензори за паркирање* кои со звучен сигнал Ве предупредуваат за близината и положбата на пречката пред и позади возилото.

*Достапно како опција, во зависност од верзијата.

чувство и влеваат безбедност. Положбата на управувачот е слична на онаа во класична лимузина, додека исклучителната ергономија овозможува директен пристап до сите команди и висока прегледност на сите инструменти. Централната конзола е во потполна хармонија со динамичните надворешни линии и е прекриена со материјали од врвен квалитет.

**Електрична паркирна сопирачка**
Peugeot 5008 серијски е опремен со електрична паркирна сопирачка. За Ваша безбедност оваа сопирачка автоматски се активира при гаснење на моторот и автоматски се отпушта при тргнување на возилото. При тоа, го активира Hill Assist кој овозможува автоматско задржување на возилото на угорнина и негово полесно тргнување.



# „НАШИОТ 5008“

Целото семејство ќе ужива во новиот 5008 преку софистицираниот стил, технологија, пространост, флексибилност, забава за деца и секако безбедност за сите.





# „ВО НОВИОТ 5008, ИМАМ МЕСТО ЗА СИТЕ МОИ ПРИЈАТЕЛИ.“

Да се прилагоди 5008 на потребите на семејството е навистина едноставно. Во зависност од пакетот на опрема достапен е со 5 или 7 седишта. Со 5008 имате слобода во прилагодување на ентериерот според своите потреби.

**Модуларност**

За уште поголема слобода сите седишта можат одделно да се преклопуваат како би се прилагодиле кон бројот на лицата и багажот кој сакате да го пренесете. Со преклопување на седиштата во вториот и третиот ред* останува рамен под, за уште поголем и попрактичен багажен простор. Седиштето кај совозачот има потполно преклоплив наслон** кој овозможува утовар на предмети со должина до 2,76 m без потреба за отстранување на било кое седиште.





Максимална удобност
Peugeot 5008 до најмалите детали се грижи за удобноста на неговите патници. Поставеноста на седиштата обезбедува широк простор за нозете на патниците. Кај седиштата во вториот ред се прилагодува должината како и аголот на потпирачот.

*Достапно како опција
**Достапен или недостапен, како стандард или опција во зависност од верзијата.

# „5008, ИСПОЛНЕТ СО СВЕТЛИНА.“

Истовремено просторен и компактен, 5008 во склоп на својата специфична архитектура има стаклен панорамски кров*

**Панорамски кров**

Со својот панорамски кров* и големата површина на ветробранското стакло, вкупната застаклена површина на Peugeot 5008 достигнува до 3,39 m² обезбедувајќи му на секој патник единствено чувство на просторност и светлина.

*Достапен или недостапен, како стандард или опција во зависност од верзијата.



Идеален волумен
5008 поседува идеален волумен на багажниот простор. Со 5 седишта, максималниот волумен за користење изнесува 823L (679 $dm^3$ по VDA методот)

Простор за одлагање предмети
Кабината не е само простор за патници, таа е исполнета со различни практични места за складирање на предмети. Во предната централна конзола сместена е преграда со ладилник од 10,5L во која можат вертикално да се поставаат две шишиња од по 1,5L. Големиот простор на вратите се надополнува со простор за сместување на предмети пред совозачот и под столбот на управувачот. На патниците во вториот ред, на располагање им е просторот за складирање на предмети на подот и вратите, додека со третиот ред на седишта* се поставени практични простори за сместување на предмети во страничниот дел на багажникот.

*На располагање како опција.















# „САКАМ ДА СЕ ЗАБАВУВАМ ВО МОЈОТ 5008.“

Video pack*
Без разлика која е Вашата дестинација, возењето претставува уживање. Забава за Вашите деца со видео концепт на кој е можно да се приклучат најразновидни надворешни извори како што е DVD репродуктор или конзоли за игри. Два 7" екрани се сместени во наслоните на предните седишта и се опремени со заштитни капаци, додека звукот се репродуцира преку два сета на Bluetooth® слушалки. Истовремено преку приклучокот RCA постои можност за приклучување на два аудио и видео репродуктори кои можат да се сместат на подот пред вториот ред на седишта.

*На располагање како опција, во зависност од верзијата.

Аудио опрема
Peugeot 5008 нуди избор на аудио, навигациска и телекомуникациска опрема: радио CD MP3 WIP, систем за навигација и Hands-free WIP Nav**, систем за навигација со вграден мобилен телефон и 7" екран во боја*, WIP Com 3D и JBL Hi Fi систем*. Со елегантен дизајн совршено се вклопуваат во внатрешноста на 5008 и Ви овозможуваат потполна комуникација и уживање во музиката, како би можеле да се сконцентрирате на патот, со помош на навигацијата доколку се јави потреба.

*Достапно како опција, во зависност од верзијата.
**Достапно како стандард или како опција, во зависност од верзијата.

Одличен пренос
На централната конзола дополнителниот приклучок (аудио или USB во зависност од аудио опремата) овозможуваат поврзување на надворешните уреди за репродукција на музика или USB мемориски клуч. Дискретно сместен ги сокрива Вашите дополнителни уреди од непожелни погледи.

*Достапно како опција, во зависност од верзијата.

# „МОЈОТ 5008 ГИ ПРИВЛЕКУВА СИТЕ ПОГЛЕДИ.“



Peugeot 5008 се истакнува со своите изедначени линии и аеродинамичниот профил. Неговата предна маска со профилирани светла се надоврзува во широко ветробранско стакло и ефикасно го усмерува струењето на ветерот. Линиите на предниот дел се нагласени со хромирани додатоци на предната маска кои го истакнуваат стилот и елеганцијата на брендот. Задниот дел го претставува единствениот дизајн на брендот Peugeot, оцртувајќи ја чистотата на линиите и робусноста. Нуди особено лесен пристап до багажниот простор што е важен елемент за фамилијарно возило.



# „5008 МИСЛИ НА НАШАТА БЕЗБЕДНОСТ.“

Безбедноста е секогаш на прво место. Како најдобро би се грижел за Вас и Вашите патници, Peugeot 5008 е опремен со активни и пасивни безбедносни системи од последната генерација.

**Регулатор и ограничувач на брзина**
Дел од сериската опрема кај сите мотори е регулаторот и ограничувачот на брзина кој овозможува автоматско одржување на избраната брзина што го олеснува управувањето на отворен пат.

**Воздушни перничиња**
Во Peugeot 5008 на располагање се вкупно 6 воздушни перничиња како стандард: 2 напред (совозачко воздушно перниче кое може да се деактивира доколку сакате да инсталирате детско седиште), 2 странични воздушни перничиња и 2 воздушни завеси кои ги покриваат сите три реда на седишта.

**Интелигентна контрола против пролизгување**
Новата генерација на системот за контрола против пролизгување дава подобри перформанси при движење на патишта кои се покриени со снег и лед. Овозможува подобро покренување на возилото и контрола на патот.

**Сигурносни ремени**
Предните сигурносни ремени се со пиротехничко затегање и ограничувач на силата. Останатите седишта се опремени со сигурносни ремени со три точки на затегање, ограничувач на силата и аларм за известување кога тие не се во функција. Сите три седишта од вториот ред се опремени со IZOFIX систем за поставување на детско седиште.

**Активна безбедност и ESP**
За да се одржи контролата и рамнотежата во секоја ситуација, 5008 сериски е опремен со елементи на активна безбедност:

- ABS систем кој го спречува блокирањето на тркалата во случај на принудно сопирање.
- Електронската распределба на силата при кочење, влијае на секое тркало поединечно и особено е значајна функција при кочење во свиоци.
- Одделен помошен програм кој ја зголемува силата на кочење кога тоа е потребно.

ESP (Electronic Stability Program) ја комбинира контролата на стабилноста со регулаторот против пролизгување (ASR) и динамичката контрола на стабилност (CDS), кои во согласност со законите на физиката овозможуваат враќање на возилото на траекторијата на движење.

**Заштита за деца**
5008 се грижи за безбедноста на сите патници. Во возилата опремени со секвенцијална електрика на задните прозори овозможено е нивно деактивирање од позицијата на возачот.


5008

# „PEUGEOT И ОКОЛИНАТА.“

Peugeot веќе неколку години по ред произведува автомобили кои се конструирани за да се заштити животната средина особено благодарејќи и на програмата Blue Lion®, која веќе покажува конкретни резултати:

- Од 2000 година, Peugeot продаде повеќе од 2.000.000 патнички возила.
- Во 2008, Peugeot ја зајакна својата позиција Европски* лидер во сегментот на возила со емисија на $CO_2$ помала од 120g/km. Неговото учество на пазарот во овој поглед е 15,4%. Така во 2008, едно возило од шест продадени во 14 европски земји, е Peugeot, со емисија на $CO_2$ помала од 120g/km.
- Сите возила од брендот Peugeot се произведени во фабрики кои поседуваат сертификат ISO 14001, а процентот на искористеноста на отпадот при рециклирање е проценет дури на 95%.

*Европа - 14 земји - извор A.A.A



# „5008 МИСЛИ НА ИДНИНАТА.“

**Аеродинамика и потрошувачка на гориво**
Аеродинамичните линии на Peugeot 5008 се еден од елементите кои придонесуваат кон ниска потрошувачка на гориво. Тоа му овозможува постигнување на највисоките вредности на коефициентот на отпор на воздухот (CX) во категоријата за само 0,29.

**Филтер за честички**
Технологијата HDi во комбинација со филтерот за честички со високи перформанси (FAP) ги процесира гасовите од дизел моторите и помага да се елиминираат честичките од чад, сведувајќи ги на најмало мерливо ниво од 0.004 g/km, а при тоа заштитувајќи ја околината.

# ПОТРОШУВАЧКА НА ГОРИВО

| | Бензин | | |
|---|---|---|---|
| Стандардизирана потршувачка на гориво мерена од страна на UTAC | 1,6L VTi 120KC | 1,6L THP 156KC | |
| | BVM5* | BVM6** | |
| Наплатки/фелни | 16" | 16" | 17" и 18" |
| Во град (L/100 km) | 9,9 | 9,8 | 9,9 |
| На отворен пат (L/100 km) | 5,8 | 5,7 | 5,8 |
| Комбинирана (L/100 km) | 7,3 | 7,1 | 7,3 |
| Емисија на $CO_2$ при комбинирана потрошувачка (g/km) | 169 | 167 | 169 |

| | Дизел | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стандардизирана потршувачка на гориво мерена од страна на UTAC | 1,6L HDi 110KC FAP | | | | 2,0L HDi 150KC | | 2,0L HDi 163KC |
| | BMP6**** | | BVM6** | | BVM6** | | BVA6*** |
| Наплатки/фелни | 16" | 17" и 18" | 16" | 17" и 18" | 16" | 17" и 18" | 17" |
| Во град (L/100 km) | 6,2 | 6,4 | 6,5 | 6,9 | 7,5 | 7,6 | 9,1 |
| На отворен пат (L/100 km) | 4,5 | 4,8 | 4,5 | 4,7 | 4,8 | 4,9 | 5,7 |
| Комбинирана (L/100 km) | 5,1 | 5,3 | 5,3 | 5,5 | 5,8 | 5,9 | 6,9 |
| Емисија на $CO_2$ при комбинирана потрошувачка (g/km) | 135 | 140 | 140 | 145 | 151 | 154 | 181 |

*BVM5 : Мануелен менувач со 5 брзини
**BVM6 : Мануелен менувач со 6 брзини
***BVA6 : Автоматски менувач со 6 брзини
****BMP6 : Роботизиран мануелен менувач со 6 брзини

# „5008 Е ПОИНАКОВ“

Како би го потврдил неговиот оригинален стил, Peugeot 5008 е достапен во 9 бои и 5 типови на внатрешност кои хармонично се надополнуваат со бојата на каросеријата.

## МЕТАЛИК БОИ

(Опција)



Aluminium сива



Shark сива



Vapour сива



Nera Pearl црна



Abysse сина



Philae сина

## АКРИЛНИ БОИ



Hurricane сива

## ПЕРЛА БОИ

(Опција)



Babylone црвена



Pearl бела



наплатки 16" HAUMEA



алуминиумски фелни 16" ERIS



алуминиумски фелни 17" QUARK



алуминиумски фелни 18" MAGNETIK



Ligne Tramontane црна ткаенина



Strada Guérande ткаенина



Strada Tramontane црна ткаенина



Guérande*  кожа (опција)



Tramontane* црна кожа (опција)



# PEUGEOT И ВИЕ

Мрежа и услуги

# 5008

Да одберете Peugeot, значи дека на располагање ќе имате огромна дилерска мрежа во склоп на која: приемот, професионализмот, перформансите на опременоста и квалитетот на услугите Ви гарантираат оптимално задоволство. Така Вие сте сигурни дека сте се обратиле кај специјалисти кои Ве слушаат, ги разбираат Вашите барања и одговараат соодветно и ефикасно. Има ли подобар и подоверлив бренд со кој би се врзале долгорочно?

## ЗА ВАШИОТ МИР

### Peugeot гаранција

Квалитетот кај Peugeot, е исто така состојба на духот: предности - во склоп на мрежата, гаранција на резервни делови и работна рака во траење од 2 години, неограничен број на поминати километри и 12 години гаранција од корозија.

### Peugeot пакети

Проверки и одржување, две единствени и персонализирани формули за слободно возење. Од помош на патот, до поправка во случај на дефект, заменување на изабени делови, Вие самите изберете го нивото на интервенција на Вашето возило и искористете ја гаранцијата за Peugeot квалитет. Така пред Вас се отвара цел еден ослободен простор.

### Палета оригинални резервни делови Peugeot

Гаранција за квалитет, безбедност и доверливост, секој од нашите Peugeot оригинални резервни делови е тестиран и строго проверен за Ваша безбедност. Тие се под гаранција и со работна рака во мрежата Peugeot во траење од една година.

### Peugeot на интернет

Откријте го Peugeot на интернет, посетете ја нашата адреса: http://www.peugeot.com

**Македонската интернет страница е:**

http://www.peugeot.com.mk

Во контекст на политиката на постојано подобрување на производот, Peugeot може во секој момент да ги модифицира техничките карактеристики, опремата, опциите и боите. Актуелните техники на фотографска репродукција не дозволуваат, верно репродуцирање на сјајот на боите. Така, оваа брошура која се состои од информации од општ карактер, не претставува обврзувачки документ.

За сите појаснувања или дополнителни информации, Ве молиме да се обратите кај Вашиот дилер. Делови од каталогот не смеат да бидат репродуцирани без наменска дозвола од Automobiles Peugeot.